ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:14-126/2

Дата: 26.02.2014

**ДО**
**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ – ДНЕТ ГОСТИВАР**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Движење за национално единство на Турците (во натамошниот текст ДНЕТ) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Движење за национално единство на Турците за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење за објективноста на финансиските извештаи на ДНЕТ за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дека:

- Годишната сметка за 2012 година и Годишниот финансиски извештај не се доставени во законскиот рок до Државниот завод за ревизија;
- не е утврдена вредноста на добиената донација, не е изготвен Регистар на донации и истиот не е објавен на веб страната на партијата;
- не се врши евидентирање и искажување на сметката активни временски разграничувања и обврски кон добавувачите;
- не е извршен целосен попис на средствата и обврските (утврдување на фактичката состојба) и нивно усогласување со сметководствената евиденција;
- констатирани се разлики на податоците презентирани во финансиските извештаи и податоците евидентирани во деловните книги;
- не се презентирани доволно докази за потврдување на бројот на општински

организации кои користат деловен простор, нивното седиште и начинот на нивното користење (со или без надомест).

Надлежните органи на партијата потребно е да преземат активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации,
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Извршивме обелоденување во делот на наплатата на членарина и извршените корекции во текот на ревизијата.

На ден 23.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1173/3 од 27.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Движење за национално единство на Турците, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и промена на капиталот за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Движење за национално единство на Турците за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Ердоган Сарач, претседател на партијата од 30.05.2010 година,

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорното лице на Движење за национално единство на Турците, одржан на ден 18.12.2013 година.

На ден 23.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1173/3 од 27.12.2013 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ја достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека Годишната сметка е доставена до Државниот завод за ревизија со задоцнување и тоа на ден 29.03.2013 година, а воедно е објавена на веб страната на партијата. Наведената состојба влијае на можноста за навремен пристап до информациите од страна на заинтересираните страни.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата по завршување на известувачкиот период и изготвување на Годишната сметка истата навремено да ја достави до Државниот завод за ревизија со што ќе обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на заинтересираните страни.

3.1.2. Со одредбите на член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е утврдена обврската за изготвување и доставување на Годишен финансиски извештај до Државниот завод за ревизија како и негово објавување на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен и доставен до Државниот завод за ревизија и е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни, како и на остварување

на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

По препорака на ревизијата Годишниот финансиски извештај на ден 29.11.2013 година е доставен до Државниот завод за ревизија, а воедно извршено е негово објавување на веб страната на партијата.

3.1.3. Презентирана е листа на основни средства на ДНЕТ на име донации, изготвена од страна на комисија за попис за 2012 година во која е наведена разновидна опрема која потекнува од 2006 до 2010 година. За наведената донација ревизијата констатира дека:

- не е утврдена вредноста на добиената донација;
- не е изготвен Регистар на донации и истиот не е објавен на веб страната на партијата[1];
- не е изготвен извештај за добиените донации и истиот не е доставен најдоцна до 31 март за претходната година до Државниот завод за ревизија и до Управата за јавни приходи.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и влијае на начинот на информирање на јавноста за добиените донации.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да превземе мерки и активности со кои ќе обезбеди:

- определување на вредноста на опремата по известување од давателот на истата;
- водење на Регистарот на донации и негово објавување во законски определениот рок на својата веб страница;
- подготвување на Извештај за добиените донации и негово доставување најдоцна до 31 март за претходната година до Државниот завод за ревизија и до Управата за јавни приходи.

3.1.4. Со извршената ревизија на искажаните трансакции/сметководствени настани во деловните книги, придружната документација, усогласување на сметководствената со фактичката состојба и благајничкото работење, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и Законот за платниот промет и тоа:

[1] во член 17 став 1 од Законот за финансирање на политичките партии е наведено „Политичките партии водат регистар на донации“ и во член 17 став 5 од истиот закон е наведено „Политичките партии се должни на својата веб страница да го објавуваат регистарот на донации на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период, во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.“ До денот на известување за извршената ревизија наведениот регистар не е пропишан од надлежниот орган.

- не се врши евидентирање и искажување на сметката активни временски разграничувања и обврски кон добавувачите;
- не е извршен целосен попис на средствата и обврските и не е извршено усогласување на состојбите по попис со искажаните износи во сметководствената евиденција;
- во делот на благајничкото работење констатирани се неправилности кои се однесуваат на начинот на водење на благајната, изготвување на каса прими и каса исплати и приложената поткрепувачка документација за евидентираните трансакции во деловните книги.

Утврдените состојби влијаат на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да превземат мерки и активности за:

- евидентирање на настанатите трансакции на сметката активни временски разграничувања и на сметката обврски кон добавувачите за превземените, а неплатени обврски;
- вршење целосен попис и усогласување на состојбите по попис со сметководствената евиденција;
- изготвување на каса прими и каса исплати со соодветна поткрепувачка документација.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Со извршеното споредување на податоците евидентирани во деловните книги и податоците презентирани во финансиските извештаи ревизијата констатира разлики во делот на искажаните расходи во износ од 710 илјади денари и во делот на податоците кои се однесуваат за пасивата во билансот на состојба во висина од 612 илјади денари.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации, што има влијание на квалитетот на финансиските извештаи и податоците кои ги даваат истите.

**Препорака**

Лицето одговорно за водење на деловните книги на партијата да пристапи кон усогласување на износите искажани во деловните книги со истите искажани во финансиските извештаи.

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.2. Согласно член 19 од Статутот на ДНЕТ, партијата се организира на територијален принцип, кој опфаќа подружница, општинска и републичка организација. Подружницата на партијата е основен облик на организирање на територијата на една месна заедница, населба, населено место, додека општинската организација се основа на територијата не една општина, на предлог на најмалку 2 месни организации. Со извршениот увид во деловните книги ревизорите утврдија дека партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост, воедно во деловните книги има искажано расходи на име закуп на деловен простор во Гостивар во висина од 123 илјади денари, но не и за останатите места каде што користи деловен простор. Во исто време за извршените исплати на име закупнина на деловен простор не е извршено пресметување, искажување и плаќање на персонален данок на доход во известувачкиот период, во износ од 10 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи и оневозможува да се изврши потврдување на вкупните трошоци во случаите каде партијата користи деловен простор со надомест или за висината на примените донации во случаите каде партијата користи објекти без надомест.

Презентиран е извод од трансакциската сметка на партијата од ден 26.02.2013 година за извршено плаќање на износ од 10 илјади денари за персонален данок за закуп на деловен простор.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да донесат соодветен акт со кој ќе ја уредат потребата за користење на деловен простор и да пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физичките лица, сопственици на деловен простор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.2. се утврдени разлики во податоците презентирани во финансиските извештаи и податоците евидентирани во деловните книги, непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за сместување на подружниците на ДНЕТ.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата утврдени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на политичката партија Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на политичката партија Движење за национално единство на Турците–ДНЕТ, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[2]“.

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и

[2] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[3]“. Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[4] кои не бараат

[3] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[4] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-

одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско - материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоре наведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Движење за национално единство на Турците согласно одредбите од Статутот на ден 11.04.2011 година има донесено Одлука за утврдување на висината на членарината, во која е дефинирана различна висина на членарината во зависност од статусот на членовите (студент, членови, невработени). Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во

Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

годината предмет на ревизија се искажани приходи од наплатени средства на име членарина во вкупен износ од 11 илјади денари. Ваквата состојба предизвикува намалени приходи на партијата и влијае во извршувањето на активностите на партијата.

6.2. Во текот на ревизијата од страна на партијата извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај/биланс на состојба спроведени во налог за книжење број 2 од 2013 година со кој е извршено зголемување на деловниот фонд, поради непреземени активности за евидентирање на набавената опрема на сметката на деловниот фонд и извршена е евиденција на пресметаната амортизација и ревалоризација за набавената опрема.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Други приходи | 1 | - |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 11 | - |
| Вонредни приходи | 1.528 | 1.466 |
| **Вкупно приходи** | **1.540** | **1.466** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 528 | 5 |
| Други расходи | 279 | - |
| Капитални и други средства | 933 | - |
| **Вкупно расходи** | **1.740** | **5** |
| **Непокриени расходи/Нето вишок на приходи над расходи** | (200) | 1.461 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.292 | 1.465 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.292** | **1.465** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 933 | - |
| **Вкупно постојани средства** | **933** | - |
| **Вкупна актива** | **2.225** | **1.465** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на средства за други намени | 2.225 | 1.465 |
| **Вкупно извори на средства** | **2.225** | **1.465** |
| **Вкупна пасива** | **2.225** | **1.465** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **1.465** | **1.465** |
| **Зголемување по основ на:** | **933** | **933** |
| Набавка на постојани средства | 933 | 933 |
| **Намалување по основ на:** | **(173)** | **(173)** |
| Останати намалувања | (173) | (173) |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **2.225** | **2.225** |

ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ - ДНЕТ
TÜRK MİLLİ BİRLİK HAREKETİ - TMBH
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - MAKEDONYA CUMHURİYETİ
Ул. Ленинградска бр.2, 1230 ГОСТИВАР
Тел: 042 221 303 ; Факс: 042 221 304 ; e-mail: tmbh-2006@t-home.mk

До

Државен Завод за Ревизија на РМ

С К О П Ј Е

23.01.2014
14-126/1

Врска:Нацрт извештај број 14-1173/3 од 27.12.2013г.

Предмет: Известување

Почитувани

Во врска со Вашиот Нацрт извештај на овластените ревизори, ДНЕТ(Движење за национално единство на Турците) го разгледуваше овој извештај и во предвидениот рок за изнесените забелешки од Ваша страна ве известуваме за следното:

На завршниот состанок одржан на ден 18.12.2013 година со ревизорскиот тим во Вашето седиште, како одговорно лице на ДНЕТ ве известив дека благовремено се одстранети сите забелешки кои беа предмет на оваа ревизија. Од тие причини во никој случај не можам да се согласам со оценката изнесена од ваша страна како **„негативно мислење за објективноста на финансиските извештаји на ДНЕТ за 2012 година, како и за усогласеност со активностите, финансиските трансакции и информации со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики„**

1. Финансисиките извештаји се објективни, реално и вистинито прикажани што може лесно да се утврди од постоечката документација ,која документација комплетно ви дадовме на располагање за увид за финансиското работење на партијата за 2012година,
2. Годишната сметка за 2012година и годишниот извештај се доставени до сите субјекти согласно законот за политички партии и не ми е познато зашто само кај вас не пристигнало,(претпоставуваме поради електронското објавување од технички причини можно е да извештајот не пристигнал до Вас,но по забелешката таа грешка веднаш е исправена,
3. Вредноста на добиените донации не можеме да утврдиме од причини што донатарите по секоја цена сакаа да останат анонимни и од причини што изразија сомнеж за политички реваншизам, за кое ние не сме во можност да ги браниме т.е. заштитиме од евентуалните политички реваншизми. Поради објективноста и реалноста ние прикажавме донации кои се со потекло од периодот од 2006-2010 и се состојат од канцелариски мебел. Но категорично тврдиме и ви укажавме дека поради ваквите односи ние во текот на

2011година и особено за овој извештајен период т.е. 2012 година немаме никаква донација. Од друга страна како што сте забележиле и вие регистар за донации кој треба да се донесе од страна на министерот за финансии уште не е донесен. Сметаме дека од разбирливи причини не сме биле во можност да направиме регистар на донации согласно законот за финансирање на политичките партии

4. Немаме никакви обврски кон добавувачите бидејќи сите обврски се намирени благовремена и во закнски предвидените рокови,
5. Со исклучок на партиското возило за која е испуштена да се обрачуна амортизација,друга грешка од овој вид нема,
6. Не е можно да се презентираат поинакви докази освен усменото образложение за нешто што не постои. Така да единствено точна констатација е дека користиме деловна просторија за седиштето на партијата во Гостивар и за 2012 година немаме користено ниту било каква деловна просторија во другите општински центри на партијата. Со одлука на Управниот одбор како за пример имаме за 2013 година деловна просторија под закуп во ГТЦ „Мавровка" за Општинскиот Центар Скопје кој ќе биде прикажано во деловната 2013 година,
7. Исто така ние сме свесни дека забелешките од ваша страна се плод на непостоење на добри сметководители од обласга за непрофитни организации т.е. политички партии. На мислење сме дека Владата на РМ особено Министерството за финансии треба да организира курс по финанското работење на политичките партии и нивно соодветно книжење и на тој начин да ги оспособи лицата за вршење на оваа должност. Владата може да ги ангажира и кадрите кои примаат плата а се уште немаат работа. Од изнесените констатации сметаме дека направените грешки се исклучиво поради непознавање на оваа материја. Од тие причини во никој случај не може да стане збор за измама или намерна грешка,
8. Од сите наведени причини и од причини што не постојат подзаконски акти за регулирање на оваа област т.е. финанското работење на политичките партии, согласно нашите можности и расположливи сили за составување на овие извештаји сметаме и длабоко веруваме дека се објективни и вистинито прикажани.
9. Од сето изнесено изразување на негативно мислење за финансиското работење на ДНЕТ за 2012 година е доста строга и неприфатлива. Забелешките се уважени и одстранети и во иднина ќе се води посебна грижа за препораките за поуспешно составување на финансиските извештаји на партијата ДНЕТ.

Благодараме на соработката

Со почит . Ердоган САРАЧ

Претседател и Пратеник на ДНЕТ

15.01.2014
Гостивар

Движење за национално единство на Турците
Türk Milli Birlik Hareketi
Gostivar
Гостивар

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на политичката партија Движење за национално единство на Турците - ДНЕТ на ден 23.01.2014 година до Државниот завод за ревизија достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година (сметка за редовно работење) заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-126/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатените забелешки на изразеното мислење за финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики **не се прифаќа** поради тоа што даденото мислење претставува одраз на утврдените состојби во ревизорскиот извештај. Истото е издадено согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија и истовремено законскиот застапник во прилог на забелешките не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или преиначи утврдените состојби.

2. Упатените забелешки на **точките 3.1.1.** и **3.1.2.** кои се однесуваат на изготвување и доставување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај до Државниот завод за ревизија и нивно објавување, **претставува известување** за причините поради кои Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај не се доставени во законски утврдените рокови.

3. Упатената забелешка за **точка 3.1.3., алинеја 1** која се однесува пред се на не утврдена вредност на добиените донации, **претставува известување**, за причините поради кои одговорното лице на партијата не постапило во согласност со утврдените барања.

4. Упатената забелешка за **точка 3.1.4.,** која се однесуваат на вршење на попис на обврските кон добавувачите **не се прифаќа** поради тоа што во деловните книги за известувачкиот период се искажани вкупни обврски во износ од 1.613 илјади денари кој износ не е усогласен на крајот на известувачкиот период и во исто време констатирани се разлики помеѓу податоците презентирани во деловните книги и искажаните податоци во Годишната сметка детално елаборирано во точка 3.2.1. од Извештајот.

5. Упатената забелешка во делот на не пресметаната амортизација на опремата (материјални средства) **претставува известување** за прифаќање на утврдената состојба која е обелоденета во точката 6.2. од Извештајот.

6. Упатената забелешка за **точка 3.2.2,** која се однесува на потребата од донесување акт и уредување на меѓусебните права и обврски на партијата со правните/физичките лица, сопственици на деловен простор користен во подружниците, општинската и републичката организација, **не се прифаќа,** поради тоа што законскиот застапник на партијата не достави дополнителни докази за преиначување на утврдената состојба од страна на ревизијата.

7. Изнесените констатации од страна на законскиот застапник на партијата во делот на човечките ресурси за водење на деловните книги на непрофитните организации претставува состојба и негово видување за причините и активностите за нивно надминување.

Скопје, 19.02.2014година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор